# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за финансии |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>3106-746 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Да |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 26.05.14 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 23.05.14 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со донесувањето на Законот за ревизија во 2010 година се подигнаа стандардите за ревизија и нивото на ревизорската професија. Истовремено Законот во голема мера се усогласи со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки од 17 мај 2006 година.

Практичната примена на Законот укажа на одредени недоречености и преклопувања на надлежностите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Истовремено, со Законот не се дефинирани дисциплинските престапи за кои надлежните органи можат да ги изрекуваат мерките, ниту пак е дефиниран минимален износ на осигурување од штета што ревизорите можат да ја предизвикаат на трети лица. Извештаите од спроведените контроли над ревизорските друштва не се објавуваат и се недостапни за заинтересираните страни и пошироката јавност, додека постојниот систем на контрола на квалитет не го уредува опфатот и постапката за спроведување на контролата. Дополнително, контролата на квалитет ја вршат вработените во Институтот кој е асоцијација на ревизорите, што може да ја намали независноста на контролорите.

Сето ова ја наметна потребата од измени и дополнувања на Законот за ревизија со кои ќе се зголеми транспарентноста и одговорноста на ревизорите и јасно ќе се дефинираат надлежностите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и надзор на ревизијата, постапката за издавање на лиценци и за изрекување на дисциплински мерки. Со донесувањето на Законот за ревизија во 2010 година се подигнаа стандардите за ревизија и нивото на ревизорската професија. Истовремено Законот во голема мера се усогласи со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки од 17 мај 2006 година.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Практичната примена на Законот укажа на одредени недоречености и преклопувања на надлежностите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и развој на ревизијата. Истовремено, со Законот не се дефинирани дисциплинските престапи за кои надлежните одгани можат да изрекуваат мерките, ниту пак е дефиниран минимален износ на осигурување од штета што ревизорите можат да ја предизвикаат на трети лица. Извештаите од спроведените контроли над ревизорските друштва не се објавуваат и се недостапни за заинтересираните страни и пошироката јавност, додека постојниот систем на контрола на квалитет не го уредува опфатот и постапката за спроведување на контролата.

Дополнително, контролата на квалитет ја вршат вработените во Институтот кој е асоцијација на ревизорите, што може да ја намали независноста на контролорите.

## 2. Цели на предлог регулативата

- Основната цел поради која се предлага донесување на Предлог на законот е зголемување на транспарентноста и одговорноста на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори трговци-поединци.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Секако дека ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се изврши доусогласување на постојниот текст на Законот за ревизија со Директивата на 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Опција 1: Донесување на упатство или друг акт со кој ќе се даде насока за подобро спроведување на законот. Оваа опција не е прифатлива поради тоа што истата не е применлива за надминување на причините на проблемите поради кои се предлагаат законските решенија.

Опција 2: Донесување на законско решение. Оваа опција е прифатлива поради тоа што истата ќе овозможи да се зголеми транспарентноста и одговорноста на ревизорите и јасно ќе се дефинираат надлежностите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и надзор на ревизијата, постапката за издавање на лиценци и за изрекување на дисциплински мерки. Со донесувањето на Законот за ревизија во 2010 година се подигнаа стандардите за ревизија и нивото на ревизорската професија. Истовремено Законот во голема мера се усогласи со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки од 17 мај 2006 година.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

Подобрување на квалитетот на извршената ревизија и на ревизорските извештаи, што ќе придонесе за јакнење на довербата на јавноста во објективноста и веродостојноста на финансиската состојба и финансиските резултати прикажани во финансиските извештаи на субјектите кои се предмет на ревизија.

*4.2 Фискални влијанија*

Нема.

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Не е применливо.

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување* Нема

*б)трошоци за почитување на регулативата:* Премија за осигурување за покривање на штетата на трети лица која може да ја предизвика друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец при вршењето на ревизијата, согласно износите на осигурувањето дефинирани со Предлогот на закон.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

При подготовката на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија направени се консултации со Советот за унапредување и надзор на ревизија и Институтот на овластени ревизори на Република Македонија преку добиени мислења и одржани работни средби во врска со Предлог на законот.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Донесување на законско решение во насока на:

- Прецизно уредување на постапката и опфатот на контролната функција на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија како и утврдување на критериуми што треба да ги исполнуваат лицата кои вршат контрола на друштвата за ревизија и овластениот ревизор - трговец поединец. Контрола над друштвата за ревизија мопже да иницира и Советот за унапредување и надзор на ревизијата;
- Извештајот од извршените контроли на работењето на ревизорските друштва задолжително се објавува на интернет станата на Институтот и Советот;
- Зајакнување на системот на истраги и санкции преку прецизирање на дисциплинските мерки што Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување и надзор на ревизијата може да ги изречат спрема овластениот ревизор, друштвото за ревизија и овластениот ревизор - трговецпоединец, како и престапите за кои се изрекуваат тие мерки;
- Се воведува Регистар на трајно одземени лиценци, како и обврска мерката привремено одземање на лиценца трајно да се евидентира во соодветнот регистар,
- Дефинирање на осигурувањето од одговорност за штетен настан што друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец може да ја предизвикаат на субјектот кај кого се врши ревизијата или на трети лица при вршењето на ревизијата и
- Се дава можност на лицата кои се стекнале со уверение за сметководител односно овластен сметководител издадено од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија согласно Законот за вршење на сметководствените работи да го полага само делот од испитот за стекнување на звањето ревизор согласно Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор кои не го положиле при стекнување на статусот сметководител односно овластен сметководител.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Да, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Не

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Совет за унапредување и надзор на ревизијата и Институт на овластени ревизори на Република Македонија.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето на спроведувањето и постигнувањето на ефектите од регулативата ќе го вршат Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институт на овластени ревизори на Република Македонија преку извршување на своите надлежности утврдени во Законот за ревизија.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуацијата на ефектите од предлогот на закон ќе се врши преку спроведувањето на одредбите од Законот од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институт на овластени ревизори на Република Македонија.

## Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.